# ИНФО БИЛТЕН

## Фонд за здравствено осигурување на Македонија

Инфо билтен издание бр.4/2011

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Содржина

РАБОТАТА НА ИНФО ЛИНИЈАТА И ИНФО МЕЈЛОТ НА ФЗОМ 0800 33 222 и info@fzo.org.mk............3
Усогласените ставови на Лекарска комора на Македонија и ФЗОМ, измени на членовите на Договорот.......4
Член 3 став 3.......4
Член 4 став 3 , 9, 10, 11, 12 и 13.......5
Член 8 став 3 .......5
Член 9 став 2 и 3.......5
Член 12 точка 26.......5
Член 16 став 2, 3, 4 и 5.......6
Член 18 став 2 .......6
Член 19.......6
Член 22 став 1 и 2.......7
Член 25 став 5 и 6 .......7
Член 33 став 12 и 13.......8
Член 34, 35 и 36 .......8
Усогласените ставови на Фармацевтската комора на Македонија и ФЗОМ, измени на членовите на Договорот.......9
Член 2 став 5 .......9
Член 3 став 3, 11, 12, 13, 14 и 15 .......9
Член 4.......9
Член 9 став 6 и 7.......10
Член 11 став 2 и 3 .......10
Член 18 став 1 и 4 .......10
Член 20 точка 23 .......10
Член 22 став 4 и 5 .......11
Член 32 став 13.......11
Член 33, 34 и 35 .......11

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

# РАБОТАТА НА ИНФО ЛИНИЈАТА И ИНФО МЕЈЛОТ НА ФЗОМ 0800 33 222 и info@fzo.org.mk

На инфо линијата и на инфо мејлот на Фондот за здравствено осигурување, од ден на ден се регистрираат се поголем број повици. Пошт впечаток кај осигурениците кои ни се обраќаат, е дека преку линијата и мејлот на многу побрз и поефикасен начин добиваат информации како да ги остварат своите права.

**Едно од најпоставуваните прашања е кога најдоцна осигуреничките кои очекуваат принова може да заминат на породилно отсуство . Односно, дали тоа задолжително треба да почне 28 дена пред очекуваниот термин на породување или може и подоцна.**

Во Законот за работни односи, преку кој е регулирана оваа проблематика, предвидена е можност породилното отсуство да може да започне 45 дена пред очекуваниот термин за породување, но ако таква проценка даде матичниот гинеколог. Породилното отсуство може да почне и 28 дена пред породувањето. Законодавецот го определил овој термин земајќи го предвид фактот дека постојат занимања кои наметнуваат обврски што, доколку би се извршувале во висок стадиум на бременост, би претстаувувале ризик за идните мајки и за нивното потомство.
Согласно законската регулатива , породилното отсуство може да почне најдоцна на денот на породувањето, доколку идната мајка се чувствува способна да ги извршува своите обврски . Се разбира, правото на надомест за породилно отсуство го добиваат осигуреничките кои имаат непрекинат работен стаж од шест месеци, без оглед на тоа дали се ангажирани на определено или на неопределено работно време.

**На инфо линијата и на инфо мејлот, исто така, многу често се поставува прашањето како да се смени носителот на здравственото осигурување кога се работи за деца. Поточно, како едно дете кое, на пример, дотогаш остварувало право на здравствено осигурување преку едниот родител да се пријави преку другиот.**

На осигуреницирте им се одговара дека во подрачната служба, преку која го остваруваат правото на здравствено осигурување, треба, покрај здравствените легитимации од родителите и од децата, да се достави З01 образец за одјава од едниот родител и З01 образец за пријава од другиот родител. Нова здравствена легитимација не е неопходна , туку промената може да се направи и на старата легитимација . Покрај оваа документација, неопходен е и извод од матична книга на родените за детето и потврда за редовно студирање доколку се работи за осигуреник над 18 годишна возраст.

ФЗОМ четврта година по ред соработува со Лекарската и Фармацевтската комора на Македонија во насока на преговарање и приближување на ставовите и барањата на двете страни, а во интерес на осигурениците. Ова е позитивен пример како преку дебата и преговори , како и редовни оперативни состаноци, може да фунционира јавно-приватно партнерство кое е од јавен интерес за сите осигурени лица во Р.Македонија.

Со преговорите кои ФЗОМ интензивно ги водеше со Лекарската и Фармацевтската комора на Македонија во месеците декември и јануарии февруари, беа разработени поединечно сите одредби од Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарната здравствена заштита за 2011/2012 година. Целта на преговорите беше изготвување на договор кој ќе биде прифатлив за двете договорни страни. ФЗОМ, како купувач на здравствени услуги, во интерес на своите осигуреници, да обезбеди поквалитетни здравствени услуги и приватните здравствени установи (ПЗУ), претставени преку Лекарската и Фармацевтската комора на Македонија, како нивни официјални претставници.

Преговорите се одвиваа преку формирање на преговарачки тимови кои поединечно ги разгледаа предлозите од Лекарската и Фармацевтската комора. Двете страни ги усогласија ставовите за поставените предлози и прашања и ги завршија преговорите за примарна здравствена заштита (општа пракса, гинекологија) и аптеки. Постигнат е значителен напредок со договорите 2011/2012 година, а дефинирани се и рамки за идни подобрувања во законската регулатива, како и во делот на интегрираниот здравствен информатички систем и електронската здравствена картичка како и електронското работење на аптеките. Превентивните мерки и активности(цели) за 2011/2012 година остануваат исти како и во 2010 година и не треба да се поистоветуваат со медицинските прегледи по индикација. На web страницата на ФЗОМ, www.fzo.org.mk, се ставени усогласените договори во целост но за потребите отчетност во понатамошниот текст ги презентрираме усогласените ставови и измени на членовите од Договорите:

## Усогласените ставови на Лекарска комора на Македонија и ФЗОМ, измени на членовите на Договорот

**Член 3 став 3**

Рокот за комплетирање на лекарскиот тим е усогласен во рок од 20 дена да го извести Фондот за промена на тимот и дополнителни 15 дена да го комплетира тимот.

**Член 4 став 3 , 9, 10, 11, 12 и 13**

Со оглед на тоа дека во пракса често се случува губење или кражба на факсимил на избраниот лекар е утврдена следната постапката што избраниот лекар треба да ја направи во случај на губење или кражба на факсимил:

„При губење или кражба на факсимил избраниот лекар е должен веднаш да го извести Фондот за да се затвори бројот на факимилот во базата на податоци.
За изгубен факсимил покрај барањето за затворање на бројот, се доставува и извадок од објавата во Службен весник.
За украден факсимил покрај барањето за затворање на бројот, се доставува и копија од записник од МВР.
Со затворање на изгубениот или украдениот факсимил , Фондот на избраниот лекар му доделува нов број на факсимил.
Податоците за затворање на факсимилот поради губење или кражба Фондот ги објавува на веб страна.„

**Член 8 став 3**

„Фондот врши плаќање на надоместокот за капитација доколку е платен придонесот за здравствено осигурување за месецот за кој се исплатува капитација.„

**Член 9 став 2 и 3**

Поради обемниот број на здравствени установи во кои треба на секое тромесечие да се изврши контрола на реализираните цел а за да можат целите да се исплатат се одлучи да поедностави самата постапка на контрола, односно контролата да се врши еднаш во годината од страна на ФЗОМ во здравствените установи.

„Еднаш во годината Подрачната служба на Фондот ќе врши контрола во здравствените установи за извршените активности за исполнување на целите врз основа на доставените извештаи од секое тромесечие. Контролата ќе се врши последниот квартал од годината на важење на договорот на репрезантативен примерок на 2.5% од целите за секоја цел поединечно за секој квартал. Доколку со контролата се констатира неисполнување на целите во контролираниот процент, истите ќе бидат намалени во целост за кварталот во кој е утврдена неправилноста„.

**Член 12 точка 26**

Појаснета е обврска на нововработениот лекар да не пружа здравствени услуги на осигурените лица на Фондот пред потпишување на анекс на договорот за вработување на нов лекар

### Член 16 став 2, 3, 4 и 5

Регулирана е постапка на препишување на лекови од Листа на лекови:
Избраниот лекар е должен да се придржува на режимот на пропишување за лекови за кои е потребно мислење од лекар специјалист , субспецијалист и конзилиум на лекари.
На еден рецепт се пропишува само едно оригинално пакување на лекот, освен за лековите кои се издаваат на парче, односно по единица фармацевтска форма, според списокот на лекови чии оригинални пакувања се делат, објавен на веб страницата на Фондот.
За лековите чии оригинални пакувања се делат, количината на пропишаниот лек треба да е прецизно наведена на рецептниот образец.
Поради воведување на ИЗИС проектот во 2011 година потребно е рецептниот образец избраниот лекар, лекарот замена или дежурниот лекар ќе го изготвува и пополнува во електронска форма, испечатениот рецептот се заверува со печат на здравствената установа и факсимил на лекарот.
Постапката за издавање на електронски испечатен рецепт ќе се применува од 01.07.2011 година, со цел да се остави време на избраните лекари да обезбедат соодветни принтери
„Рецептниот образец избраниот лекар, лекарот замена или дежурниот лекар е должен да го изготви и пополни во електронска форма, испечати и да го завери рецептот со печат на здравствената установа и факсимил на лекарот, согласно Правилникот за остварување на права од задолжително здравствено осигурување".

### Член 18 став 2

Поради тоа што во најголемиот број на случаи избраните лекари бараат од осигурените лица сами да ги набават ампулите од задолжителната листа , во член 18 од договорот е предвидено
„Задолжителна ампуларна терапија избрниот лекар треба да ја да поседува и аплицира во целост без да бара од осигреникот да ја набави со сопствени средства кои дополнитено ќе ги побарува како рефундација од Фондот„.

### Член 19

Прилог А зазадолжителна ампуларна терапија во примарна здравствена заштита, останува ист како и договорот 2010 година.
Во **Листата на ампули за итни состојби -Прилог А/1** кој е составен дел на договорот, се овозможува да се набави една од трите дозажни јачини на Amp.Glucose од 35%,37% или 50% од 10 ml, а целосната листа следи:

1. Amp. Adrenalin 1mg/1ml
2. Amp. Atropin sulfas 0,5mg/ml; 1mg/ml
3. Amp. Chlorpiramin 20mg/2ml
4. Amp. Aminophyllin 250mg/10ml
5. Amp. Prednisolon ili Methyl prednisolon 20mg/ml; 40mg/ml
6. Kardiotonik vo ampularna forma.
7. Amp. Glucose 35%, 37% или 50% од 10ml

8. Amp. Ascorbic acid 500mg/ml
9. Infuzion rastvor NaCl 0,9% од 500ml
10. Kislorod

**Член 22 став 1 и 2**

Одредени Здравствените домови во кои има организирано итна медицинска помош со дежурна служба, поради дефицит на кадар не се во можност да обезбедуваат континуирана здравствена заштита за акутни случаи во текот на 24 часа - ноќе, самота, недела и државни празници со што осигурените лица остануваат без здравствена заштита.
Поради тоа во договор за обезбедување и пружање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита во член 22 е регулирана постапката на пружање на континуирана здравствена заштита за акутни случаи во текот на 24 часа - ноќе, самота, недела и државни празници:
„Здравствената установа да обезбеди континуирана здравствена заштита за акутни случаи во текот на 24 часа - ноќе, самота, недела и државни празници во договор со друга здравствена установа и за истата за потребите на осигурените лица да истакне известување на видно место, се додека на тоа подрачје не се организира дежурна служба во ранките на итната медицинска помош согласно Правилникот за простор опрема и кадар.
**Заради обезбедување континуирана здравствена заштита на осигурените лица во подрачја каде нема организирано итна медицинска помош со дежурна служба или истата не може да се спроведува поради тоа што не ги исполнува условите предвидени во Правилникот за простор опрема и кадар**, јавната здравствена установа во согласност за потребите на населението на избраните лекари треба да им обезбеди простор, услови за работа и ампуларна терапија, без надомест“.

**Член 25 став 5 и 6**

Поради утврдени нерегуларности во делот на следење на комплетноста на тимот и неводењето на кадровска евиденција нотирана во записниците од извршените контрола е регулирана постапката во случај на користење на краткотрајни отсуства на лекарскиот тим ( над 7 дена но не подолго од 21 ден) предвидени во Законот за работни односи, со издавање налог за оправдано отсуство од работа или пропусница од страна на овластеното лице на здравствената установа.
„Здравствената установа при промена на вработените од лекарскиот тим од една работна единица во друга ( над 7 но не подолго од 21 ден) е должна писмено да го извести Фондот во рок од 3 дена.Примерокот од известувањето доставено до Фондот да се чува во просториите на работната единица каде е направена промената.
Краткотрајно прераспоредување на дел од тимот ( до 7 дена) од една во друга работна единица, се врши со писмена наредба на директорот на здравствената установа издадена со денот на извршеното прераспоредување. Примерокот од писмената наредба задолжително се чува во просториите на работната единица каде е прераспоредеен вработениот“.

Со цел да се излезе во пресрет на лекарите кои се на оправдано отсуство од работа поради подолготрајни боледувања над 21 ден, породилни отсуства, специјализација и други случаи , а здравствената установа е должна во рок од 35 дена да вработи лекар како замена до вработувањето на новиот лекар (замена) се затвара факсимилот на лекарот и не се исплатува капитација. Фондот не го раскинува еднострано договорот ако лекарот замена е вработен по истекот на 35 дена но најмногу до 60 дена од настанување на случајот.

**Член 33 став 12 и 13**

Усогласена е постапката во начинот на групирање на договорните казни според одредбата во која се предвидени обврските на здравствената установа.
Сите предвидени обврски на здравстевната установа се групирани во соодветни договори казни во зависност од тежината на сторената повреда.
Во членот 33 е регулирана постапката за начинот на изрекување и утврдување на висината на договорната казна во делот на :
„Фондот нема да склучи нов договор пред истекот на најмалку 6 месеци од раскинувањето на предходниот договор, доколку истиот е раскинат во последните три месеци на неговото важење.
Доколку здравствената установа или избраниот лекар сторил повреди на договорните одредби во последните три месеци од важењето на договорот склучен за 2010/2011 година , поради постоење на континуитет во работењето со Фондот, со склучување на овој договор Фондот го задржува правото еднострано да му го раскине договорот или да му изрече договорна казна, во зависност од сторената повреда. „

**Член 34, 35 и 36**

Договорните казни се намалени за една половина и извршено е нивно прегрупирање и тоа: договорната казна една капитација од фиксен дел е намалена на една половина капитација од фиксен дел, договорната казна една половина капитација од фиксен дел е намалена на една четвртина од капитација од фиксен дел.
Во член 34 е предвидена договорна казна за здравствени установи во рурални средини:
„Доколку со една извршена контрола се констатира дека здравствената установа од руралното подрачје е затворена и не пружа здравстени услуги на осигурените лица на Фондот“.

# Усогласените ставови на Фармацевтската комора на Македонија и ФЗОМ, измени на членовите на Договорот

## Член 2 став 5

Здравствената установа својата дејност ја обавува во една или повеќе организациони единици – аптеки со еден или повеќе фармацевтски тимови составени од дипломиран фармацевт со лиценца за работа и фарамацевтски техничар со уверение за положен стручен испит, вработени **со полно работно време** во здравствената установа - (Прилог број 1 на овој договор).

-Рокот за комплетирање на фармацевтскиот тим е усогласен на рок од 20 дена да го извести Фондот за промена на тимот и дополнителни 15 дена да го комплетира тимот.

## Член 3 став 3, 11, 12, 13, 14 и 15

Утврдена е следната постапката што дипл.фарм./фарм.тех. треба да ја направи во случај на губење или кражба на факсимил:

„При затварање на факсимилот на фармацевтот, Фондот ги известува здравствената установа и подрачната служба на Фондот, најдоцна во рок до 15 дена.

При губење или кражба на факсимил фармацевтот е должен веднаш да го извести Фондот за да се затвори бројот на факсимилот во базата на податоци на Фондот.

За изгубен факсимил покрај барањето за затварање на бројот, се доставува и извадок од објавата во Службен весник.

За украден факсимил покрај барањето за затварање на бројот, се доставува и копија од записник од МВР.

Со затварање на изгубениот или украдениот факсимил, Фондот на фармацевтот му доделува нов број на факсимил.

Податоците за затварање на факсимилот поради губење или кражба, Фондот ги објавува на својата веб страна на денот на пријавувањето.„

## Член 4

Се воведува регистрација и доделување на шифра за експедиција на лек на фармацевтски техничар.

### Член 9 став 6 и 7

Анекс на договор за скапи лекови нема да се изготвува. Во самиот договор е утврдено дека износот за издадените лекови согласно Одлуката на Управен Одбор на Фондот **за утврдување на скапи лекови** од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија кои се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита, не е вклучен во определениот месечен износ (квота) за определена здравстена установа аптека – организациона единица.

### Член 11 став 2 и 3

Регулирана е постапката за издавање на лекови на рецепт од Листата на лекови:
„Здравствената установа на осигуреното лице за акутни заболувања може да му издаде лек на рецепт во количина доволна до 8 дена, а за хроничните болести може да издаде лекови со што ќе обезбеди терапија до 30 дена.
На еден рецепт се издава само едно оригинално пакување на лекот, освен за лековите кои се издаваат на парче, односно по единица фармацевтска дозажна форма според списокот на лекови чии оригинални пакувања се делат, објавен на веб страницата на Фондот.
Рецептот за акутни заболувања важи 5 дена од денот на пропишувањето, за наркотици и опојни средства 5 дена од денот на пропишување, за хронични болести рецептниот образец важи 30 дена од датумот назначен на рецептот како датум на пропишување.
Здравствената установа е должна да издава лекови на осигурените лица, според начин и постапка од став 1, 2 и 3 на овој член, без оглед на местото на живеење, односно местото на осигурување на осигуреното лице“.

### Член 18 став 1 и 4

Разработена е постапката на прием на фактури и постапување по приговор за намалени фактури:
„По приемот на фактурите со прилозите, подрачната служба на Фондот во рок од 45 дена врши проверка на документацијата, после што во рок од 10 дена ја известува здравствената установа за утврдените отстапувања и недостатоци. Доколку во рок од 55 дена Фондот не достави такво известување се смета дека рецептите се прифатени. По истекот на рокот од 55 дена доколку со дополнителна контрола Фондот утврди неправилности во фактурите и рецептите, го задржува правото дополнително да постапува по истите.
За износот на неисправни рецепти за кој се намалува фактурата на здравствената установа, подрачните служби на Фондот доставуваат писмено известување со задолжување за намалување на фактурата. Здравствената установа може да достави барање за увид во неисправните рецепти. Доколку по извршениот увид здравствената установа има забелешки, истите со приговор ги доставува до подрачната служба. По доставените забелешки постапува и одлучува раководителот на подрачната служба на Фондот“.

### Член 20 точка 23

Во обврски на здравствената установа се додава нова точка која гласи:

„Нововработениот фармацевт или фармацевтски техничар смее да издава лекови на осигурените лица на товар на Фондот исклучиво по потпишување на анекс на овој договор за нов фармацевт односно фармацевтски техничар“.

### Член 22 став 4 и 5

Регулирана е постапката во случај на користење на краткотрајни отсуства на фармацевтскиот тим ( над 7 дена но не подолго од 21 ден) предвидени во Законот за работни односи, со издавање налог за оправдано отсуство од работа или дозвола за излегување од страна на овластеното лице на здравствената установа.

### Член 32 став 13

Усогласена е постапката за начинот на изрекување и утврдување на висина на договорните казни и постапување по записници од извршени контроли во последните месеци од важењето на стариот договор:
“Доколку здравствената установа стори повреди на договорните одредби во последните три месеци од важењето на договорот склучен за 2010/2011 година, поради постоење на континуитет во работењето со Фондот, со склучување на овој договор Фондот го задржува правото еднострано да му го раскине договорот или да му изрече договорна казна, во зависност од сторената повреда“.

### Член 33, 34 и 35

Договорните казни се намалени за една половина и извршено е нивно прегрупирање и тоа:

- договорната казна двомесечен надоместок за извршена услуга за издавање на лекови на рецепт, се заменува со едномедечен надоместок за извршена услуга за издавање на лекови на рецепт
- договорната казна едномесечен надоместок за извршена услуга за издавање на лекови на рецепт, се заменува со една половина од надоместок за извршена услуга за издавање на лекови на рецепт.